## ВОВЕД

Главна тема на Ревијата за социјална политика (РСП) бр. 13 е детската заштита и благосостојба. Изборот на оваа тема произлегува од поразителниот факт дека децата под 18 години, како во Европа, така и на Балканот, се соочуваат со повисоки стапки на ризик од сиромаштија, споредено со другите возрасни групи, и со националниот просек. Некои од факторите кои придонесуваат за ваквата состојба се: живеење во еднородителско домаќинство или домаќинство со три и повеќе деца, низок образовен статус на родителите, економски статус на родителите (на пр. невработени), мигрантски статус или припадност на социјално ранлива етничка заедница (на пр. Роми) и сл. За таа цел, овој број на Ревијата тежнее да даде осврт на различните предизвици кои ја условуваат детската благосостојба, со цел истите да бидат пресретнати преку адекватни политики за детска заштита. Особен приоритет во изборот на трудовите за овој број имаат теми поврзани со: детската сиромаштија, злоупотреба и насилство врз децата, образовна исклученост кај децата, економската миграција на родителите и влијанието врз децата, услуги за поддршка на ранливите категории на

## INTRODUCTION

The main theme of the Journal of Social Policy (JSP) issue no. 13 is child wellbeing and child protection. The choice for this topic is motivated by the devastating fact that children under 18 years of age in Europe and in the Balkans face higher rates of at risk of poverty compared to other age groups, and compared to the national average. Some of the factors associated with this condition are related to: living in a single parent family, living in a household with three and more children, low educational level of parents, economic status of the parents (i.e. unemployed), migrant background or belonging to more vulnerable ethnic groups (i.e. Roma), etc. For that purpose, this issue of the Journal tends to provide overview of different challenges that condition child wellbeing, and that are relevant to be tackled through adequate policies for child protection. Special priority in this Issue was given to papers focusing on: child poverty, child abuse and violence on children, education exclusion among children, labour migration and impact on children, support services for vulnerable children, social transfers and their impact on child welfare, support for early childhood development.

деца, социјалните трансфери и влијанието врз детската благосостојба, поддршка на раниот детски развој.

Врз основа на истакнатите приоритети, на повикот за трудови за РСП13 пристигнаа голем број на пријави, од кои по селекцијата направена од уредничкиот одбор беа избрани пет труда. Трудовите во РСП 13 обработуваат различни проблематики, и тоа: детските бракови во Западен Балкан, дополнителни форми на поддршка за деца со пречки во развојот, злоупотребата и занемарувањето на децата во РМ, квалитетот на живот кај децата во згрижувачки семејства, и деца питачи во Косово. Широкиот тематскиот опфат дава можност за согледување на различни видови предизвици со кои децата се соочуваат и акцентирање на потребата од подобра детска заштита и детска благосостојба во државата и регионот.

Се надеваме дека и овој број на Ревијата за социјална политика ќе придонесе кон зајакнување и унапредување на научните и стручните дебати, како и на политиките базирани на докази, поврзани со анализираната тематска содржина.

Главен и одговорен уредник:
Проф. д-р Маја Геровска - Митев

The Journal Board received a large number of abstract submissions, but the editorial board, based on identified topic priorities, elected five papers for publishing. The selected papers tackle different issues, such as: child marriages in the Western Balkans, additional forms of support for children with developmental challenges, abuse and neglect among children in Macedonia, quality of life among foster children, and child beggars in Kosovo. The wide thematic spectrum of the selected papers gives solid base for mapping different types of challenges faced by the children and consequently emphasize the need of improved child care and child welfare in Macedonia, but also in the wider region.

We hope that this issue of the Journal of Social Policy will contribute towards strengthening and enhancing wider professional and scientific debates, as well as evidence based policies related to the analyzed topic.

Editor in chief,
Maja Gerovska Mitev